АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ **ЕУРОЛИНК - СКОПЈЕ**

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И

## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ХАЈКАЧИ (ГОНИТЕЛИ) ВО ЛОВ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА)

### Член 1 - ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1) Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за осигурување на хајкачи (гонители) во лов од последици на несреќен случај (незгода) - (во понатамошен текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за осигурување на хајкачи (гонители) во лов од последици на несреќен случај (незгода), што договорувачот на осигурувањето го склучува со Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје (во понатамошен текст: Осигурувач).

(2) Договорувач на осигурувањето во смисла на овие Дополнителни услови може да биде ловечка, туристичка или друга организација овластена за организирање на лов.

(3) Лицата што се осигуруваат според овие Дополнителни услови се осигурени без оглед на нивната здравствената состојба, општата работна способност и годините на живот, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (3) од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучени од осигурувањето.

### Член 2 - ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

Осигурувачот е во обврска, ако несреќниот случај настане од моментот на доаѓањето на осигуреникот во ловиштето, за време на подготовките, траењето на ловот и до моментот на напуштањето на ловиштето.

### Член 3 - ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ КОГА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА СЕ ПОМЛАДИ ОД 14 ГОДИНИ ИЛИ ПОСТАРИ ОД 75 ГОДИНИ

(1) Ако поради несреќен случај настапи смрт на осигуреникот помлад од 14 години, осигурувачот е во обврска да исплати на име на трошоци за погреб договорената осигурена сума за случај на смрт, но најмногу до износот кој како максимален е утврден со Одлука на Одборот на Директори на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје.

(2) Кога лицето што претрпело несреќен случај е постаро од 75 години, осигурувачот е во обврска да исплати 50% од сумата која би требало да ја исплати.

### Член 4 - ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување лица од последици на несреќен случај, а во колку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

Овие Дополнителни услови ги донесе Одборот на директори на Акционерското друштво за осигурување Еуролинк - Скопје на својата 3-та редовна седница одржана на 25.02.2003 година со одлука бр. 0202-72/54 со примена од 25.02.2003 година

**А.Д. за осигурување Еуролинк**